ПРВА КОНФЕРЕНЦИЈА ПО ПОВОД ЕВРОПСКИОТ ДЕН НА ЛОГОПЕДИЈАТА НА ТЕМА

**АУГМЕНТАТИВНА И АЛТЕРНАТИВНА КОМУНИКАЦИЈА**

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ




**6 МАРТ, 2018**

**СКОПЈЕ, Р.МАКЕДОНИЈА**

ПРВА КОНФЕРЕНЦИЈА ПО ПОВОД ЕВРОПСКИОТ ДЕН НА ЛОГОПЕДИЈАТА НА ТЕМА

**АУГМЕНТАТИВНА И АЛТЕРНАТИВНА КОМУНИКАЦИЈА**

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

**6 МАРТ, 2018**
**СКОПЈЕ, Р.МАКЕДОНИЈА**

**ОРГАНИЗАТОРИ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА**

**СОЈУЗ НА ДЕФЕКТОЛОЗИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Ј.З.У. ЗАВОД ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА СЛУХ, ГОВОР И ГЛАС-СКОПЈЕ**
**Ј.З.У. ЗАВОД ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА СЛУХ, ГОВОР И ГЛАС-БИТОЛА**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.772.2-056.264(062)(082)
159.946.3-056.264(062)(082)

ПРВА конференција по повод европскиот ден на логопедијата на тема Аугментативна и алтернативна комуникација : 6 март, 2018 Скопје : зборник на трудови / / [организационен одбор Горан Петрушев, ... и др.]. - Скопје : Сојуз на дефектолози на Република Македонија, 2018. - 71 стр. : граф. прикази ; 30 см

Summaries кон трудовите. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-65438-4-6

а) Комуникациски нарушувања - Собири - Зборници б) Нарушувања на говор - Собири - Зборници
COBISS.MK-ID 106410762

ИЗДАВАЧ НА ЗБОРНИКОТ

**СОЈУЗ НА ДЕФЕКТОЛОЗИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Ликовно уредување
Бомат Графикс

Печати
Бомат Графикс

Тираж
150 примероци

УДК : 316.772.2-056.264-053(497.7)

# Алтернативна и аугументативна комуникација во патологија на вербална комуникација

Ана Попоска, Весна Лазаровска
ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Скопје

# Alternative and augmentative communication in the pathology of verbal communication

Ana Poposka, Vesna Lazarovska
PHI Institute for Rehabilitation of Hearing, Speech and Voice - Skopje

АПСТРАКТ

Аугментативна и алтернативна комуникација (Augmentative and Alternative Communication AAC), подразбира различни видови на модалитети/медиуми кои се користат за пренесување на пораки помеѓу две или повеќе личности во ситуација кога говорот изостанува како вид на вербална комуникација. Значењето на терминот: augmentation, подразбира појачување, зголемување, додавање, размножување,а alternative избор на една од две можности.

ААС ја користат и деца со нормален равој, во прелингвалниот, но и во доцниот развоен период, како медиум за воспоставување на интерактивен однос со средината. Во текот на најраниот развоен период, децата интегрираат повеќе комуникативни модалитети пред да го развијат говорот (рекодирана модулација и мулти-модуларана/тотална комуникација).

Мултимодалноста е основен предуслов за унапредување на вербално невербалниот еквилибриум каде основна цел е стекнување на комуникациски вештини кај лицата со умерени и тешки форми на нарушувања во вербална комуникација.(Висвадер,П.2013, Доак, Л. 2014). Одличната база за супституирање на основниот, аудитивен модалитет со визуелни модалитети се наоѓа во употребата на лингвистичката дисциплина - семиотика, на Фернинанд Де Сосир(1986).

Алтернативната и аугументативна комуникација и нејзината успешна практична примена е директно зависна од комуникациските способности и тенденции на говорникот, од една страна и комуникациските компетенции за конкретната комуникациската ситуација, од друга. (ASHA, 2018)

За квалитетна комуникациска релација со околината, логопедот треба да ги има во предвид резултатите од корелацијата на комуникациските способности и нивото на комуникациските компетенции на клиентот, воедно не апсолутизирајќи ги фацилитаторските техники на алтернативната комуникација при својата работа.

Заклучок: Овој труд има за цел алтернативната и аугументативната комуникација како форми на неподдржана и поддржана комуникација, да ја подигне свеста за организиран пристап во нејзината примена од стручните работници во РМ.